Republika Makedonija
MINISTERSTVO ZA PRAVDA

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, декември 2010 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за извршување ("Службен весник на РМ" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10 и 88/10) е донесен во мај 2005 година, а почна да се применува од 26 мај 2006 година.

Анализата на податоците од примената на Законот за извршување го потврдија фактот дека станува збор за реформски закон кој ги даде своите позитивни резултати. Новиот систем на извршување на извршни исправи функционира без некои позначајни проблеми.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10) предвиден е систем на финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата на здравствено осигурување, како и формирање на трезор во рамките на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, како организациона единица за управување со здравствената трезорска сметка и другите сметки на јавните здравствени установи. Уште повеќе со Законот за измени и дополнување на Законот за платниот промет ( „Службен весник на РМ " бр. 145/10 ) создаден е основ во рамките на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да се формира Трезор за јавни здравствени установи, како посебен носител на платниот промет во РМ и негово директно учевство во реализацијата на налозите за плаќање од трезорската сметка. Одредбите кои се однесуваат на Трезорско работење на Фондот ќе почнат да се применуваат од 1 јанури 2011 година. Со оглед на тоа, бидејки во Законот за извршување со одредбата од членот 202 уреден е начинот на извршувањето на налозите кои ја задолжуваат трезорската сметка на Трезорот при Министерството за финансии за буџетски корисници потребно е усогласување на Законот за извршување со Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10) и Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10), така што би се уредил и начинот на извршувањето на налозите кои ја задолжуваат здравствената трезорска сметка на Трезорот при Фондот за здравствено осигурување.

Во законот покрај оваа измена се вршат технички подобрувања на текстот и прецизирање на две дисциплински повреди со цел да се обезбеди законито работење на извршителите.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложените законски решенија е создавање на систем за ефикасно извршување. Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување со одредбата измената на одредбата од членот 202 ќе биде уреден начинот на извршувањето на налозите кои ја задолжуваат трезорската сметка на Трезорот при Министерството за финансии за буџетски корисници како и начинот на извршувањето на налозите кои ја задолжуваат здравствената трезорска сметка на Трезорот при Фондот за здравствено осигурување.

Покрај оваа измена се вршат технички подобрувања на текстот, прецизирање на две дисциплински повреди со цел да се обезбеди законито работење на извршителите и Комората на извршители на Република Македонија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување не предизвикува дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој Закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија се предлага Законот за изменување и дополнување на Закон за извршување да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ
НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10 и 88/10) во член 54-в став (1) алинеата 1 се менува и гласи:

„-неуредно ги чува службените списи и податоци“,

Член 2

Во член 54-г став (1) во алинеата 15 сврзникот „и„ се заменува со запирка и се додава нова алинеа 16 која гласи:

„-оригиналните барања за извршување, документите, записниците, списите и актите како и доставниците кои произлегуваат од вршењето на неговата работа не се наоѓаат во обвивката на списите на предметот и “.

Член 3

Во член 59 во ставот (3) зборот „предолг“ се заменува со зборот „предлог“.

Член 4

Во член 64-а во ставот (2) зборовите „ја преземе канцеларијата на“ се заменуваат со зборовите „ги преземе предметите, книгите и евиденцијата која ја водел“.

Член 5

Во член 202 ставовите (3) и (4) се менуваат и гласат:

„(3) Налозите за извршување кои ги задолжуваат трезорските сметки, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорските сметки, носителот на платен промет ги извршува на начин што врз основа на налозите за извршување изготвува налози кои ги доставува до Трезорот при Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување каде што на должникот му се води сметката.

(4) Трезорот при Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување налозите од ставот (3) на овој член ги извршува согласно со овој закон и согласно со прописите за платен промет.“

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“ .

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

1. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Во Законот кој се предлага се врши изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10 и 88/10) се дополнува со уредување на начинот на извршувањето на налозите кои ја задолжуваат трезорската сметка на Трезорот при Министерството за финансии за буџетски корисници за извршување со Законот за здравствено осигурување и Законот за платниот промет, така што би се уредил и начинот на извршувањето на налозите кои ја задолжуваат здравствената трезорска сметка на Трезорот при Фондот за здравствено осигурување.

Во Законот покрај оваа измена се вршат технички подобрувања на текстот, прецизирање на две дисциплински повреди со цел да се обезбеди законито работење на извршителите.

Предлогот на законот е систематизиран во шест законски члена.

Во член 1 од Предлог-Законот се дополнува Законот за извршување се прецизира постоечката алинеа од Законот, на начин дека извршителот прави повреда со неуредно чување на списите и податоците кои согласно законските прописи е должен да ги води.

Во членот 2 од Предлог- Законот се врши дополнување на членот 54-г во поглед на прецизирање на дисциплинска повреда кога во предметот на извршителот не се наоѓаат сите потребни списи кои се однесуваат на еден предмет.

Во членот 3 се врши техничко подобрување на текстот.

Во членот 4 се прецизира текстот па поимот „канцеларија“ и истиот се заменува со „преземање на предмети, книги, евиденција која ја водел извршителот“.

Во членот 5 се менуваат ставовите (3) и (4) од членот 202 во однос на потребата за усогласување на Законот за извршување со Законот за здравствено осигурување и Законот за платниот промет. Имено Законот се дополнува со воведување на Трезорот на Фондот за здравствено осигурување како еден од носителите на платниот промет, кој ќе ги извршува налозите за извршување кои ги задолжуваат сметките на должниците кои се водат кај нив.

Со членот 6 се регулира влегувањето во сила на законот.

## II.МЕГУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ СО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Одредбите од предложениот текст на Законот се мегусебно поврзани со оглед дека сите се однесуваат на обезбедување на услови за ефикасно и законито функционирање на системот на извршување во Република Македонија.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се обезбедува непречена работа на извршителите, носителите на платен промет во државата и целокупниот систем на извршување во Република Македонија.

## IV. ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 54-в

(1) Дисциплинска мерка јавна опомена или парична казна ќе му се изрече на извршителот, ако:

- службените списи и податоци ги чува спротивно на прописите за архивско и канцелариско работење,
- ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите со што го намалува угледот на извршителската должност,
- со своето однесување кон службените или други лица при спроведување на извршни дејствија го нарушува угледот и честа на службените или други лица или органот што го претставуваат и
- не ги исполнува обврските определени со актите на Комората, кои се однесуваат на унапредување и развивање на извршителската должност.

Член 54-г

Дисциплинска мерка парична казна или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител, ќе му се изрече на извршител, ако:

- при спроведување на извршните дејствија не води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршувањето и нивните семејства,

- при спроведувањето на извршните дејствија не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот,

- во поднесоци и други писмена, како и со своето однесување изразува непочитување на судовите, органите на државната управа и органите на Комората,

- неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките,

- во своето работење употребува факсимил,

- ја избегнува обврската за континуирано стручно оспособување и едукација која се одвива преку семинари и предавања,

- бара пристап до податоци за лице кое не е должник,

- наплати поголема награда за извршување или други трошоци определени со Тарифата,

- не води евиденција за наплатена награда, и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти,

- неоправдано го одложува извршувањето,

- врши јавни функции, или раководни, надзорни и управни функции во трговски друштва, државни заводи, служби за наплата, нотарски и адвокатски работи, и служба во верска заедница или религиозна група,

- парите што му се доверени на чување ги вложи на свое име спротивно на одредбите од овој закон,

- не ги евидентира барањата за извршување според времето на нивниот прием во евиденцијата, која извршителот е должен да ја води,

- работи под дејство на алкохол или наркотични средства,

- не ја чува службената евиденцијата и списите по предметите во својата канцеларија и

- не му издава овластување на заменик извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка.

Член 59

(1) Дисциплинската постапка против извршителот ја води Дисциплинска комисија при Комората, согласно со одредбите на овој закон и актите на Комората.

(2) Дисциплинската комисија е орган на Комората кој го избира Собранието на Комората составен од пет члена и нивни заменици, со мандат од три години со право на повторен избор.

(3) Два члена и нивни заменици се избираат од редот на членовите на Комората, два члена и нивни заменици од редот на судиите по предолг на Судскиот совет на Република Македонија и еден член и негов заменик по предлог на министерот за правда.

(4) Дисциплинската комисија ја спроведува дисциплинската постапка по предлог на овластен подносител и донесува одлука по предлогот, а начинот и поблиските услови во врска со работењето на Дисциплинската комисија ќе бидат уредени со Статутот и другите акти на Комората.

Член 64 -а

(1) По престанок на должноста извршител, министерот за правда веднаш ќе започне постапка за именување на извршител кој ќе продолжи со работа во канцеларијата на извршителот чија должност престанала. Постапката за именување ќе се заврши најдоцна во рок од 60 дена сметано од денот на констатирањето на престанокот на должноста извршител.

(2) Ако на објавениот оглас не се јави ниту еден кандидат кој ги исполнува условите за именување, министерот за правда во рок од 15 дена ќе донесе решение со кое ќе определи извршител од редот на именуваните извршители од истото подрачје којшто веднаш ќе ја преземе канцеларијата на извршителот чија должност престанала и ќе ја продолжи работата по предметите, со сите овластувања кои му припаѓаат на извршител согласно со закон.

(3) Доверителот којшто не сака неговиот предмет да го продолжи новоименуваниот извршител може да го повлече барањето за извршување и да го довери на друг извршител, со тоа што сите дејствија коишто ги преземал дотогаш извршителот имаат правна важност, и извршителот на којшто ќе му биде доверено продолжување на постапката ќе ја продолжи постапката од стадиумот каде што се наоѓа.

(4) Трошоците за извршување за кои постои доказ дека се наплатени кај извршителот чија должност престанала му се признаваат на доверителот, а

извршителот којшто ќе продолжи со спроведување на извршувањето е должен да ги наплати од должникот и да ги пренесе на доверителот.

(5) Претседателот на Комората со решение ќе го овласти именуваниот, односно определениот извршител да располага со посебната сметка на извршителот чија должност престанала.

Член 202

(1) Извршителот со налогот за извршување назначува еден од носителите на платен промет каде што се водат доверителовите и должниковите парични средства, бројот на доверителовата и должниковата сметка и нивните потсметки доколку ги има, доверителовиот и должниковиот даночен број или ЕМБГ и долгуваниот износ.

(2) Со налогот за извршување врз парични средства што се водат на сметка на должникот кај носителот на платен промет, на носителот му се наложува паричниот износ за кој е наложено извршување да го пренесе од сметките на должникот на сметката на извршителот предвидена во членот 35 став (4) од овој закон.

(3) Налозите за извршување кои ја задолжуваат трезорската сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорската сметка, носителот на платен промет ги извршува на начин што врз основа на налозите за извршување изготвува налози кои ги доставува до Трезорот при Министерството за финансии каде што на должникот му се води сметката.

(4) Трезорот при Министерството за финансии налозите од ставот (3) на овој член ги извршува согласно со овој закон и согласно со прописите за платен промет.

(5) Извршителот е должен да го достави налогот за извршување до должникот, откако налогот за извршување врз средства на сметката на должникот е евидентиран кај носителот на платен промет.